## III.2. НАЧИНОТ НА СОЗДАВАЊЕ НА БУКВИТЕ И ЦИФРИТЕ

На сликата подоле е прикажан шематски приказ на буквите и цифрите во збирот на македонските симболи: точката, линијата, триаголникот, квадратот, кругот и пирамидата. Сите симболи се сместени во еден кружен простор, слично како кружната форма или лак на симболите, свастика и спиралата[82].

За Македонците, почитувањето на познатиот култ кон СОНЦЕТО, КОСМОСОТ, СОЈОТ, РОЈОТ, РОДОТ МАКЕДОНСКИ И РАЈОТ МАКЕДОНИЈА е култ кој опстојува од самиот почеток на сопствената свест за себе и околината, кој се негува и развива и кој претставува код од кој произлегуваат сите подоцнежни цивилизациски одлики.

За Македонците, Сонцето е единствено божество, а целата материја во макро и микро космосот е божја, исполнета со божјиот дух Македон. **Космосот претставува божји пат низ сите делови на божеството Сонце во вселената преку молњата „S“ – „SE“.** Космосот е и оската на божјата МА што претставува мост со својот наклон на четирите годишни периоди.

Космосот е спој или љубовен допир на времето, материјата и просторот, спој помеѓу сончевите зраци, наречени ИЛ и земјата наречена МА, која во прегратките на вселената оплодена од божјиот поглед - сончевите зраци создава плод за луѓето, Господарите - Владетели Македонци.

Космосот претставува и пат преку кој Господарите - Владетели Македонци пловат кон рајот што претставува вечен живот. Сите овие сончеви карактеристики, карактерот на молњата, патот до рајот на Господарите - Владетели Македонци, ги формираат македонските азбуки цутни и цифри пролетни во кој е вграден божјиот дух Македон.




Сл. 24 Начинот на создавање на буквите и цифрите.

[82]Поопширно за симболите на стр. 40.

**Начинот на создавање на првите букви ЦУТНИ и цифри ПРОЛЕТНИ,** кои се користат до денес, е едноставен, практичен, геометриски. Тој е одраз на човековата поврзаност со природата, нераскинливата врска меѓу неговиот „УЈ“, неговата природа и природата што го опкружува, живот - битие. Тие заедно создаваат еден систем преку кој комуницираат, се искажуваат еден со друг на начин со кој наизменично се надополнуваат. **Буквите и цифрите се дело на Сонцето, Космосот, земјата и израз на човековата мисла, копнеж и битисување.** Високото ниво на самиот уметнички израз, македонските слова ЦУТНИ и цифри ПРОЛЕТНИ, во сопствен стил вклопени во мисловен концепт во форма на фигури во една композиција, претставува македонски традиционален израз со изминат временски период од најмалку 400.000 г., кој со тек на време прераснува во уметност. Создадените словарници и цифри за Македонците претставуваат: Сонце, црвено Сонце, изгрејсонце, сончев зрак, светлина, осветленост, просветленост, светлост. Словото е дух божји Македон, симбол, геометриска форма, едноставна, совршена и прецизна за одбележување на едно слово - еден глас.

Сонцето ИЛИ – ИЛЕ како двигател на животот на земјата, божество кое се спушта на земјата во облик на божји зраци ИЛ, зраци кои патувајќи кон земјата скршнувајќи или спојувајќи се со неа, ги создаваат божјите слова и цифри, подарувајќи им ги на синовите божји, обожествените Македонци, како петто чудо на Богот Сонце ИЛИ - ИЛЕ. Како, на пример, првиот сончев зрак во изгрејсонцето, го претставува словото цутно „I“ (И) што значи бесконечност, ја претставува и цифрата на пролетта „I“- еден, што значи е Е ДЕН и цифрата современа „1“. Буквите, воедно, укажуваат и на вечен живот, бидејќи Сонцето и вечниот живот се во директна поврзаност. Тоа е и знак на непрестаната врска, контакт на Севишниот (макрокосмос) со човекот на земјата – Господар - Господ Македон (микрокосмос). Космосот за Македонците од камениот период до денес е: **желба за идеална законитост, ред или „ОС“ - оска на движење на Богот ИЛИ и Господарите - Владетели Македонци во круг помеѓу Сонцето, земјата и рајот. Сончевите зраци се и мост кон другите делови на божеството – ѕвездите во вселената, со Господарите – Владетели Македонци како посредници помеѓу бесконечноста на Космосот и конечноста на микрокосмосот т.е. човекот.**

Од тогаш, од почетокот на свесноста за Првото изгрејсонце, почнува историскиот период на македонската култура и цивилизација. Дадена од Богот ИЛИ за ука или поука на Господарите - Владетели Македонци и нивните поданици. На тој начин и култот кон Сонцето заедно со свесноста за сопствената возвишеност, токму поради подарената писменост претставува осветлување и за умот. Оттаму, Сонцето добива и подлабоко значење, не само поврзано со материјалните вредности, тоа подарува и ум, можност да се согледува и твори и со умот.

Сите цифри од нулата до девет се цифри на Богот Сонце ИЛЕ, подарени на неговите деца Македонците. „Арапските“ и „римските“ цифри се всушност **македонски цифри**. Името на цифрата како знак за множество, толкувано на македонски јазик има свое значење и место во македонскиот симбол на плодот од две божества - **квадратот.** Цифрите се користени за одредување количество, но претежно како обележување на изминат временски период поврзан со одредување на рамноденицата односно започнување на плодниот период.[83]

---

[83] Дешифриран текст од пештерата Виндија, Македонски Полуостров, (денешна Хрватска), 32.000 г.мак.е.пред.п.христ., 146 стр. Фосилен заб број 7; „Свето тројство со четири годишни периоди“, Македонски вез, Етнолошки музеј Скопје – Македониа, стр. 139



Сл. 25 а Орлов камен – Кратово; Македонско знаме.[84] Македонскиот симбол на буквите и цифрите.



Сл. 25 б Македонскиот симбол на буквите и цифрите.

Во самиот симбол на македонските букви и цифри е содржано името Македонија. Македонското знаме е во облик на квадрат како симболот на две божества украсено со сончеви зраци.




Сл. 26 Македонска пирамида.

Македонските цифри од 8 сончеви зраци со вселената како 9-та и окото девет скали како на Богот Сонце ИЛИ – ИЛЕ како нулата.

Македонска скалеста пирамида со Девет цифри и нулата на врвот, Мексико.[85]

---

[84] Орлов камен – Кратово, 5.000 г.мак.е.пред.п.христ. датирано според светската федерација на уметност на карпа.

[85] фотографија: El Castillo (pyramidd of Kukulcán) in Chichén ItzáDaniel Schwen,18.08.2009

## III.3. МАКЕДОНСКИТЕ СИМБОЛИ

Едни од најраните симболи и декорации кои што се среќаваат во дешифрираните натписи и кои што претставуваат апстрактни уметнички израз се **точката, линијата, крстот, свастиката, спиралата, кругот, триаголникот, четвороаголникот и пирамидата.** Објаснувањето на секој симбол поединечно не отстапува и од некои научни објаснувања поврзани со геометријата, физиката и механиката, кои само ја надополнуваат приказната за симболот. Сите тие симболи се дел од совршеноста на природата. Нив човекот ги восприема интуитивно како едно од најосновните човекови средства за спознавање.

### ТОЧКА

„Точката претставува основен поим во геометријата и сродните математички дисциплини, со кој се означува бесконечно мал објект без должина или волумен. Таа самата се смета за основен елемент, од кој е изграден просторот. Правите и отсечките се непрекинати збирови од точки (според ова, местото каде се сечат две прави е точка). Евклид во својата книга „Елементи" вели дека точката нема величина, правец, насока, ниту каква било друга особина, освен положба. Тој ги дава следниве дефиниции за точка: „Точка е она што нема делови" и „Краевите на линијата се точки." Во потрагата по тоа што е прво, Евклид смета дека точката е основна, а правата е таа што содржи точки, додека Аристотел правата ја зема за основа, а точката е она што е на краевите од линијата. Денес најприсутна и најблиска во терминологијата, во смисла на толкувањата на Евклид, е онаа дефиниција, која вели дека „точка е она што нема димензии."[86] Еквилдовата теорија за точката и Аристотеловата теорија за линијата во однос на македонската вера се погрешни. Она што ни ја дава духовната концепција на точката е дека таа претставува „SE" или поглед и божјо око, како свето, и окото на обожествените Македонци - како световно. Точката е поглед со експлозија. (Спротивно на Еквилдовата теорија на неделивоста на точката). Точката е експлозија на молњата во безброј ѕвезди како „орос" и „оплод" во вселената, како почеток, допир, миг, совршенство. **Тој божји поглед „SE", во вселенскиот круг, во часот на оплодувањето, преточувајќи го мртвото во живо наречено ДОН, што е желба божја, духот божји Македон да ги создаде Господарите - Владетели на Земјата како Господари - Владетели Македонци.**[87] Таа е почеток и крај. Со неа сѐ започнува и сѐ завршува. Точката е **зачеток на плодот, божја семенка, потенцијален плод, миг на создавање. Таа ја претставува создавачката божествена сила – ДУХОТ МАКЕДОН**. Од местото на положбата на окото, точката претставува микро објект и ѕвездите како капки роса - орос се точки, но приближувајќи го окото, точките прераснуваат во гиганти. Точката претставува микро, а воедно и макро свет. Точката е БОЖЕСТВО. Точката е почеток на СВЕТЛОСТА. Точката е „SE" ОКО, ПОГЛЕД И МОЛЊА. Точката е дух божји МАКЕДОН. Значи Еквилдовата теорија за точката како неделива, без величина, правец и насока е погрешна и Аристотеловата теорија за линијата е погрешна затоа што линијата нема почеток и крај. Линијата претставува бесконечност. Линијата е,[88] "косиот мост" - патот на духот божји Македон низ вселената, патот на „SE" – молњата.

---

[86] mk.wikipedia.org/wiki/Точка_(геометрија), пристапено на 28.04.2015.

[87] Дешифриран текст: „Ембрион" Мас Де Азил, Франција 11.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 243; „Точката на Божјата Ма" С. Бурилчево, локалитет „Пилово", Кочанско, Македониа 3.500 до 2.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 122.

[88] Дешифриран текст: „Решетка на времето – Космос", Керамички сад од Кина, 5.000 – 2.000 г.мак.е.п.п.х. стр. 290.

Што се однесува пак до точкастите елементи во народната орнаментика, во електронско-то издание на „Македонска ризница“ наведено е дека „Покрај тоа што претставува интегрален дел на кружните соларни симболи, точката се јавува и како еден од симболите на плодноста, во нејзината зачеточна фаза.“[89] „Во ликовно-морфолошките аспекти на точката се определуваат во контекст на значењето на зрното т.е. семето и сите негови симболички и семанитички аспекти. Примери од овој тип, во кои се манифестирани плодотворните аспекти на точката, среќаваме во везовите на женските кошули во регионот на битолско-прилепското поле и мариовско, за кои е карактеристична појавата на ситни жолти или бели точкасти елементи, именувани како зрно т.е. зрна. Во верата, зрното се поврзува со земјата и со нејзината способност да раѓа и возобнува. Во аграрните култури, каде зрното е основна храна, нему му се припишува магиска моќ. Тоа е воедно и храна и фактор на оплодувањето. Како еманација на плодноста и повторното раѓање, своето значење тоа го остварува во корелација со небото и земјата, со небесната моќ за оплодување и хтонските плодотворни сили на земјата.“[90]

## ЛИНИЈА (ПРАВА) - СИМБОЛ НА ДВЕ БОЖЕСТВА

Реална или замислена црта, која поминува, соединува две точки, две божества, или е граница од пресекот на две површини. Тоа е безширинска, бескрајно долга, совршено права линија, на која лежат бесконечно многу точки. Во Евклидовата геометрија низ кои било две точки поминува точно една права. Правата е најкратка врска помеѓу две точки.




Сл. 27 Кинеските цифри од еден до три во вид на сончеви зраци се дел од македонското свето тројство.

Линијата е сончев зрак, се појавува како слово „I“ = И, во древната македонска словарница наречена ЦУТНА и првата цифра од древно македонските системи на броење – цифрата еден „I“ „1“. Македонската цифра „еден“ се среќава и во кинеските симболи.

Линијата означува продолжување. Таа е бесконечност, константност и постојаност на лиење, осветлување или оплодување, комуникација, граница на регион, линијата е извор на вода, бесконечен извор на живот. Често се употребува во комбинација со две или повеќе линии, со што добиваме разновидност на значењата, спротивности, па и цели духовни концепти. Значи линијата го претставува постојаното и константно создавање и патување на духот божји Македон низ вселената. Линијата е симбол на почеток на годината во род, симбол на пролетта, линијата е пролет. За Господарите - Владетели Македонци, таа го означува непрекинатиот процес на СОЗДАВАЊЕ како нешто трајно, постојано и бесконечно, дадено засекогаш. **Линијата претставува бесконечно создавање на ДОН - ЦУТ, во бесконечната вселена со безброј делови на едно божество.**[91] Линијата е СВЕТЛИНА од изминат пат низ вселената од СВЕТЛОСТА на духот божји Македон, точката и мољата „SE“.

---

[89] „Плодотворните аспекти на точкастите елементи зрна или јајца – застапени во македонската традиционална орнаментика“, д-р Јасминка Ристовска Пиличкова, Македонска ризница број 9, Април 2013 Електронско издание.
[90] „Плодотворните аспекти на точкастите елементи зрна или јајца – застапени во македонската традиционална орнаментика“, д-р Јасминка Ристовска Пиличкова, Македонска ризница број 9, Април 2013 Електронско издание.
[91] Дешифриран текст од Наска, линиите, Перу, Стр.303; Линија на вечниот живот“ Романија, 6.000 г.м.е.п.п.х. стр.170.

## КРСТ ИЛИ КРШТ




Симболите **крст, свастика, спирала и круг**, освен естетско-восприемливото значење имаат длабок корен во духовната традиција на македонскиот народ. Често различно и конфузно толкувани низ блиската историја, овие симболи успеале да се всадат и провлечат низ вековите, задржувајќи го своето почесно место и првобитно значење.

**Крстот** е геометриска фигура која се состои од две отсечки вкрстени под прав агол (90°). Воедно тоа е еден од најдревните и најпопуларни симболи на човештвото. Сфаќањето за крстот, претрпува разни варијации и променливи значења низ историјата. Токму тие разни сфаќања за крстот, сè до појавата на христијанството, како претпоставки, ни овозможуваат да кроиме теории, и да го оформиме конечното значење на самиот симбол. Една претпоставка е дека крстот во историскиот период на македонскиот народ не преставувал пресек на две линии, туку преставувал порака од збир на букви и бројки во облик на лигатура, со јасна порака до обожествените Македонци. Таа лигатура денес ја викаме крст. Тоа е порака од која произлегува самата форма на крстот, а со тоа и почитта кон овој симбол. На крстот се препознаваат следните букви и цифри: И, Л, Г, А, Т, У и I, II. III, IV, V, VI, VII, VIII, IX, X. Тенденцијата на обожествените Македонци е да пренесат порака, како дел од природните појави и верски сфаќања на мал простор во стихови со лигатура во обликот на крстот, и сето тоа претставува едноставен и генијален приказ. На крстот може да се прочита: **Лута, лага, таа лита алга. Уи ут, туа л'та. Тиа гатаат. Таткото ИЛИ-ИЛ ита гали, луг лии АЛ-АТ. Ита и ТАА улаа. Тиа гугаат и гаат туа ИГАЛ АЛ.**

Покрај овој текст, крстот претставува допир на две прекршени линии или две букви „А“ во една точка, каде се наоѓа **двојното око на Богот ИЛИ и обожествените Македонци**. **Крстот, кршот или кршттот** го претставува **раѓањето на новата година**, процес кој, согласно со законите во природата, почнува да се случува од XXI – ви декември. Оттаму и именувањето како крст, кршт или крш.[92] **Значи, крстот претставува симбол на раѓањето на новиот обновувачки процес, врз основа на смртта на зимата да се роди пролетта Дон, ЦУТ, пролет, возобновувањето помеѓу два бога, Богот ИЛИ и „Богот“ Македонец преку допирот на две букви „А“ или два триаголника и две пирамиди во една точка.[93] Тој е симбол на духовното и материјално обновување.**

Македонците крстот со нивната развиена наука, уште од камениот период го објаснуваат на следниот начин. Замислената Земјина оска, околу која се врти Земјата, на денот XXI-ви декември, нејзиниот наклон е кон соѕвездието „КОЗМОЕ“ – змејот, кој се наоѓа на северниот пол. Земјината оска од таа дата, својот наклон го скршнува, во народот низ историјата наречен „КРШ, КРШТ“, или сега прави наклон кон соѕвездието Крст, денес наречено Лебед или Млечниот пат.

Ова е едно од најзабележливите соѕвездија на северното небо во лето и на есен. Дел е од познатиот Северен Крст (спротивно на Јужен Крст). Ова соѕвездие е забележано за прв пат од Македонците пред стотици илјади години а во антиката од Македонецот Птоломеј[94].

Основната задача на Господарите - Владетели Македонци, како благороден народ, е да ја шират писменоста, науката и уметноста и кај другите народи, кои биле нивни слуги и робови, а со текот на времето станале жртва на тие свои поданици. Противници на македонската напредна мисла биле и самите одродени Македонци, кои поттикнати од ситни интереси биле најголеми негатори. И тоа како иронија, симболот за благосостојба и среќа го претвориле во симбол на мачење и смрт, распнувајќи ги луѓето на крст. Македонците биле принудени да го сменат своето верување во нова религија, наречена христијанство, базирана врз македонската вера, со неговиот симбол – крстот.

Но, влијанието на македонската вера е врежана во сеќавањата. Ако во првиот случај крстот означувал симбол на смртта, за Македонците од каменото, бронзеното и железното време како и во христијанството означува симбол на живот. Иако, самото христијанство произлегло од македонската вера со сменети имиња и извртени факти.

[92] види стр. 59, подетален опис за крш, рамноденица во делот „Македонски празнувања...”

[93] види стр. 45 поопширно објаснето во делот “Триаголник”

[94] http://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9B%D0%B5%D0%B1%D0%B5%D0%B4_(%D1%81%D0%BE%D1%95%D0%B2%D0%B5%D0%B7%D0%B4%D0%B8%D0%B5), пристапено на 28.04.2015.

## СВАСТИКА ИЛИ КУКАСТ КРСТ

Свастика или кукаст крст е крст со еднакви страни, со прекршени краци под прав агол или коси, свртени кон лево или кон десно. Тоа е распространет и широко користен симбол кој во 1920 год. го добива своето озлогласено значење како нацистички симбол, притоа заборавајќи ја неговата божествена природа во древноста.

Овој симбол кој се среќава денес, кај сите европско-азиски племенски заедници, а всушност, тоа е европско-азиски македонски народ, е честа појава во материјалните остатоци од македонската цивилизација и на другите континенти. Во Индија е премногу чест и вообичаен симбол, кој се користи за обележување религиозни знамиња во џаинизмот и будистички храмови во Азија. Има археолошки докази дека облици на свастика датираат од пред 7.000 г. но, ги има и многу порано. За научниот свет, сè уште е мистериозна широко распространетата симболичка употреба на свастиката како и нејзините различни форми и облици. За Македонците тоа не е случај. Се смета дека зборот „свастика“ потекнува од санскритскиот јазик и значи „среќа“.[95] По мое мислење свастиката е Македонски збор што значи: **Благосостојба на животот, бесконечниот и вечен божји дар, Македонците се со сè сити, или Бог во тебе со плодот во вселенското движење на галаксијата во вселената.** Најчесто укажува на вечност, основувачка животна сила, животен дух**.**

Свастиката во своите разновидни облици е меѓу поретките симболи, кој што опстојувал со континуитет во ерата на големата Зета Македонија, успевајќи да го задржи своето почесно место долги милениуми па сè до денес. Тој е присутен на античките македонски монети, на украсите од гробниците, симболот го среќаваме и на македонска чаша од пред тристотини години, пронајдена на Вардарски Рид, близу Гевгелија, во црквите на чашите, на надгробните плочи, како и во народните носии и традиционални орнаменти на килимите. Свастиката преставува крст во кружно движење. На свастиката можеме да прочитаме сè како и на крстот, со дополнување дека сето тоа се движи во круг во бесконечноста на вселената во една божја година со почетокот од XXI-ви декември. Свастиката е вселенско движење на галаксијата.



**ИЛ, ИЛ, ИЛ, ИЛ Една Божја година.**



**5+ 5+5+5+1=21-ви ИЛ Рамноденица со божјиот зрак ИЛ.**

Сл. 28 Македонскиот симбол на духот божји Македон - плодност.

[95] http://iskonmakedonija.blogspot.com/2010/01/blog-post_14.html, пристапено на 28.04.2015.

## СПИРАЛА

Свастиката со криви линии е спирала[96]. **Спиралата е бесконечна линија на вселенското движење во круг околу својот центар, спиралата е галаксија.** Постојат единечни, двојни, тројни, четворни и со повеќе краци свастики и спирали, споени во центарот кои ротираат. Повеќе форми во природата ги среќаваме во спирален облик.

За обожествените Македонци, спиралниот облик укажува на совршенство, простор каде се оплодува духот бошји Македон, плодност на земјата, божјата МА, создавач на ЦУТОТ – пролетта како потенцијален плод. Спиралното движење за Бог Сонце ИЛИ, ИЛЕ со духот божји Македон, претставува оплодувачка активност на пролетта за создавање на Македонија – рајот, кој подарен од Сонцето, за луѓето претставува неминовен извор на среќа и благосостојба.

Движењето на спиралата ја формира буквата „С“ и „О“. На спиралата може да се прочита: „СО ОС“. Тоа би значело, интерпретирано на современ македонски јазик: **„Со Бог ИЛИ и оската на вселенското движење“**.

Со појавата на буквата „О“ или нулата, покрај македонските цифри ПРОЛЕТНИ во облик на црти, се појавуваат и другиот вид на македонски цифри (нарекувани „индиски“ и „арапски“), кои ја содржат вредноста НУЛА, како обединувачка на сите броеви.

Спиралата е еден вид на „влез“ во вечноста, во неа е отсликан принципот на сакралната геометрија, златниот пресек, божествената пропорција.

Првите математичари во историјата на македонскиот народ ја добиле спиралата, пресметувајќи ја божествената пропорција, која како некој код се наоѓа насекаде во природата и во секого од нас.



Сл. 29 Спирала место каде се умножува духот божји Македон.

## КРУГ

Круг е множество од сите точки во рамнината кои се наоѓаат на еднакво растојание, наречено радиус, од дадена точка, наречена центар.

Покрај ова научно значење, постои и симболична димензија за кругот. Кругот е СИМБОЛ на Сонцето – извор на животот. Повторување во круг на животниот циклус, на денот и ноќта, на годините. СИМБОЛ на плодот од каде иде и каде се враќа за да се роди нов живот или плод. Симбол на изворот, водата, орото, обединувањето, соединувањето, воденичен камен, изобилството, светлината. Кругот е СИМБОЛ на бескрајот на линијата, или оската на животот, или плодот, вечноста, или бесконечноста, траењето или времето, **поврзувањето на луѓето, обединувањето на цифрите во броевите.** Тој е совршен облик кој исто така ја отсликува совршеноста на природата и духот.

Кругот е **божјата желба, животниот циклус да тече бесконечно во вселенскиот круг или точката СО: МАДОН, ИС (Исус) ДОН, МАКЕДОН, МАКЕДОНИЈА – РАЈОТ, ЗЕТА МАКЕДОНИЈА и ГОСПОДАРИТЕ - ВЛАДЕТЕЛИ МАКЕДОНЦИ.**

---

[96] Амонитот еден од првите спирални облици во природата, со пронајдениот фосилен остаток од 160 мил. год. на територијата на Македонија, стр. 16.

## ТРИАГОЛНИК

Во текот на развојот на македонската цивилизација, триаголникот не претставувал само геометриска дводимензионална фигура со три точки, три страни и три агли.[97] Триаголникот претставувал симбол на **две свети тројства**. Триаголникот е составен од три точки, како еден Бог и други две точки како свети божји компоненти, поврзани со линии на бесконечноста од три божји материјални вредности. Првата точка е Богот на Сонцето ИЛИ. Од Сонцето во мигот на изгрејсонце излегува линија. Линијата ја претставува буква „**И**“ и цифрата „I“ – „1“. Втората линија од триаголникот ја претставува **божјата МА.** Со спојот на двете линии во една точка ја формира буквата „**Л**“. Буквата „И“ и буквата „Л“ го формираат името на божјите зраци **ИЛ**. Божјата МА со својот наклон го раѓа божјиот ДОН - пролетта, како втора точка. Со допирот на божјите зраци ИЛ со МА во третата точка, дејствува божествената творечка сила - ДУХОТ БОЖЈИ МАКЕДОН. Од точката на Господарот - Господ Македон, излегува третата линија на бесконечноста, линијата на Господарите - Владетели Македонци, кои патуваат кон Сонцето и вселената. **Триаголникот претставува две свети тројства: свето и световно.**







Сл. 30 Шематски приказ на две свети тројства.

Тоа се шесте месеци во род. Исто така, триаголникот ја содржи буквата „А“. Буквата „А“ е дел од триаголник, првата линија е божество, втората линија е дух божји, а третата линија обожествените Македонци. Или поточно, буквата „А“ значи БОЖЕСТВО. Триаголникот е: **Двете свети тројства со недопирливиот Бог ИЛИ, на Господарите - Владетели Македонци да им ги исполнат желбите за пат во бесконечноста.** Тој е претстава на две свети тројства, формирајќи триаголник како еден дел од ПИРАМИДА. Триаголникот може јасно да се прочита како лигатура, која гласи: „А, ИЛ ОД ДО, Н, ДОН“ - Што значи: Богот ИЛИ и Господарот - Господ на Земјата, Македонецот, со божјите зраци ИЛ од 21-ви март до 21-ви јуни, е периодот на ДОН.

[97] Дешифриран текст: од Лепенски вир, Србија пред 7.300 – 6.800 г. стр.177; „Мајка на воскресението“ Македонски килим, Етнолошки музеј Скопје – Македониа, стр. 129




Сл. 31 Шема – создавање на триаголникот.

Кругот ја претставува Сончевата година (365,3 денови). Вертикалната линија ја претставува замислената оска, именувана со името на сончевиот зрак ИЛ. Хоризонталата е замислена линија наречена МА и го претставува екваторот. Земјината оска, во текот на една година поминува од вертикална во коса положба, со приближен наклон од 23,5º и тоа во зависност од милениумските циклуси, одредувајќи ги годишните периоди. На илустрацијата погоре е прикажана една од многуте теории за начинот на формирање на триаголникот, на македонскиот симбол на плодот од две тробожија, од почетокот на историскиот период на македонската култура. Тоа е култура на прекршување на денот – 21 -ви декември, денот на ЛОМ или КРШ, КРША или зимската краткодневица, периодот од кога почнува да се наголемува денот, денот на триаголникот т.е. на плодот од светото и световното тројство, култура на Сонцето, Космосот,ројот, сојот и рајот во годишните периоди во род, пролетта и летото, есента и зимата.

Претставата на два триаголника поставени во различен правец, во зависност од тоа дали врвот е нагоре или надолу, ни укажува и на двојноста, поларизираноста односно машко-женскиот принцип, како и поврзаноста со четирите елементи **воздух, пламен, вода, земја.**




Сл. 32 Големата Мајка.

## КВАДРАТ, РОМБИЧНИ ИДЕОГРАМИ (четвороаголник)

Квадрат или четвороаголник, кај македонскиот народ претставувал **плод**. Квадратот бил основа на македонската куќа. Сите храмови имаат четвороаголен облик. Македонците квадратот го сметале како спој на два или четири триаголника. Тоа се двете тробожја или четирите периоди во една година. Сето тоа, споено во еден четвороаголник, создава нов плод. **Четвороаголникот е симбол на плодовите од четирите годишни периоди: пролет, лето, есен, зима.** Четвороаголникот формиран од четири триаголника, оформува крст. Ако поставиме уште еден крст во тој четвороаголник, се формира симбол на македонските азбуки цутни (наречени кирилица и латиница) и двата македонски системи на цифрите, т.е. пролетни, (наречени римски и арапски цифри). Тоа значи четвороаголникот со два креста, претставува симбол и **лигатура** од збир на сите слова од македонските словарници и двата система на броење. (Прочитај повеќе на стр.370 за пештерата Бломбос.)



Сл. 33 Квадрат - спој на четири годишни со Сонцето и плодот во средината.



Сл. 34 Македонска куќа од неолитот, периоди Жртвеник - Тумба Породин, Битолско. [98]

## ЧЕТВОРОАГОЛНИК ИЛИ РОМБ




Сл. 35 Откритие од пештерата Бломбос во Јужна Африка.[99]



Сл. 36 Македонски вез.[100]

Археолозите, етнолозите и историчарите на уметноста, ромбичните мотиви ги следат од најраниот период на историјата па сè до денешните денови. Во идентична форма и детали тие се застапени на разни географски оддалечени територии, во рамките на Големата Зета Македонија, низ целиот свет.

Истражувачите на споменатите научни области, овој феномен го објаснуваат површно и како нужна случајност, кој се појавува во одреден период од развојот на луѓето од региони кои, според нивното мислење, меѓусебно немале никаков контакт. Тоа го толкуваат со фактот дека

[98] Н. У. Завод и музеј Битола. http://www.bitolamuseum.org/index.php?option=com_content&view=article&id=195%3A2011-06-29-10-55-27&catid=50%3A2011-06-29-08-06-26&Itemid=101&lang=mk, пристапено на 20.08.2015.

[99] Дешифриран текст од пештерата Бломбос, стр. 370.

[100] http://www.kozzi.com/stock-photo-24789926-tradisyonal-Macedonian-burda.html, пристапено на 20.08.2015.

ромбичните мотиви почесто се јавуваат во зафрлени рурални области, со стари културолошки навики. Тоа е така, бидејќи тие народи ги сметале за заостанати и необразовани, за разлика од луѓето групирани во големите западноевропски градови како центри на писменоста, каде ромбичните форми ја губат смислата. Сето тоа е поради еден факт, а тој е непријателскиот однос на западноевропските теоретичари против македонскиот народ, неговата култура како македонска ера, со континуитет сѐ до денес.

Ромбоидните мотиви се појавуваат кај македонскиот народ на сите пет континенти[101]. Тие не се изрази на примитивизам, како што сакаат да го претставаат, туку се израз на високо интелектуално и научно ниво, кое македонскиот народ го поседувал, сочувано во руралните средини во сите региони на светот. Единствениот извор планински како пирамида божја, на чиста и ладна вода, како дух божји Македон е Македонскиот Полуостров (наречен од турските освојувачи Бал – кан) со центарот Македонија, каде до ден-денешен ромбоидната форма е присутна на облеката, накитот, килимот, везот, архитектурата, дури и храната. Тој орнамент е длабоко вткаен во македонската меморија да зрачи како искра и поглед „S“, да зрачи како сончев зрак во Македонија и светот.





Сл. 37 Ромбоидни форми.

Прекрстувањето и штрафирањето на ромбот, квадратот, триаголникот, елипсата, антропоморфните фигурини и керамичките садови за вода, како мотив, познатиот археолог Марија Гимбутас го нарекува „мрежа“. Мрежата ја толкува врзувајќи ја со „акватичките космогонии“, „водата на животот“, „изворот на животот“ или „живототворноста“[102]. Оваа констатација е сосема точна, но таа не знае кој народ го формирал овој мотив и патот и начинот како настанал. Според моето мислење, таканаречената „мрежа“ е всушност, **македонската решетка на времето бесконечно.** (сл. 41) Овој мотив е израз на посветеноста кон Богот на Сонцето ИЛИ - ИЛ, приказ на една година со годишните периоди, израз на вечноста и бескрајноста на универзумот.

Македонската решетка на времето е лигатура на која пишува:

„НА ДЕН XXI-ВИ МАРТ ДЕНОТ НА ПРОЛЕТТА, БОГОТ НА СОНЦЕТО ИЛИ СО НЕГОВИТЕ ЗРАЦИ ИЛ ЈА ПРЕНЕСУВААТ ДУХОВНАТА И МАТЕРИЈАЛНАТА ЕНЕРГИЈА ОД СОНЦЕТО КОН ЗЕМЈАТА И ОБРАТНО, „ЛИЕЛ“ и ја ОПЛОДУВА, САМО СО ДУХОТ БОЖЈИ МАКЕДОН, ВО ЧЕТИРИТЕ ГОДИШНИ ПЕРИОДИ **МАДОНА** ВО ВЕЧНОСТА.“[103]

Професорот Никос Чаусидис, во неговата книга „Космолошки слики“, страна 103 изјавува: „Последниот, за науката видлив бран на мрежесто иштрафираниот и сличните ромбични мотиви се јавува на преминот кон првиот милениум од старата ера, и тоа на керамиката сликана во геометриски стил, присутна во Грција, но и пошироко на Балканот и Медитеранот“. Тој како пример

101 Дешифриран текст: „Од отецот твој‘‘ Зета Македонија Востанија Патне, Јужна Азија Денешна (Индија) 130.000 – 40.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 258; Мадонија Зета Наша“Лепенски Вир, Зета Мадонија - Македонски полуостров, (денешна Србија), населба II 38x 26 см. ИБ. 435, 5.300 – 4.800 г.мак.е.пред.п.христ., стр. 182 „Божја МА“ Зета Македониа Лом на Дон, Национален парк Какаду (денешна Австралија) 20.000 – 6.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 350; „И Луна 21“ Зета Македониа Прекуокеански Јужен Цут, гравир - лигатура на камен, Амазон (денешен Бразил) 5.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 346; „ИЛИ и ИЛ“ Зета Македониа Прекуокеански Северен Цут, Maine, (денешни S.A.D) 4.000 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 354.

102 M. Gimbutas, The Language of the Goddess, 81 – 87.

103 Анализата од дешифрираниот текст на ромбот се наоѓа подолу на стр. 54.

го наведува садот од преминот од бронзено во железно време, од Живојно, Битола, Македонија (Том II –Б2/17) и насликаната вазна од Атина (Том II –В3/1) пред 2.800 г. Ценетиот професор прави кардинална грешка.

Прво, ромбичните мотиви како македонски симболи, Македонците ги користат од пред 75.000 г. што претставува македонска ера, се поткрепува со плочките пронајдени на локалитетот во Бломбос (Јужна Африка)[104], па сѐ до денешни дни на македонскиот вез и килим.

Наведената констатација, дека садовите се од грчко потекло, е исто така погрешна. Грчкото име се појавува 2.000 год. (или 1830 г.) по појавата на наведените садови, а тоа се садови изработени од Македонци во рамките на македонската држава. Исто така и името на спомнатиот полуостров е Македонски Полуостров. Ако се направи резиме за ромбот од книгата на Никос Чаусидис, кој во неговото излагање ги спомнува Марија Гимбутас, А. К. Амброз, Б. А. Рибаков и други, може да се каже следното: Ромбот е апстрактен идеограм или орнамент пиктограм на: вулва, плодност, раѓање, почва, со прекрстените линии како бразди, со точки во центарот како семе на почвата. Ромбот е настанат од архаичната свест која не го спознава космосот, не прави разлика помеѓу реалноста и ликовната претстава[105], помеѓу реалното и митското. Со еден збор, ромбот го претставува женскиот принцип и додатните елементи, точки и линии, кои го објаснуваат чинот на оплодување со божјото семе и пораѓањето.

Според моето мислење, сето истражување на спомнатите аналитичари до некаде е точно со мали измени и дополнувања за направена основна грешка, а тоа е сликата за народот од раниот камен период кој е претставен како необразован човек. Доказ и потврда дека не било така, наоѓаме токму во писменоста и верата на тој народ. Ромбоидните мотиви со нивните додатоци претставуваат лигатура напишана со македонските азбуки цутни и на македонски јазик. Тие претставуваат свети симболи исто како и источноазиските свети симболи напишани од Македонците-владетели. Дешифрираниот текст, транскрибиран на современ македонски јазик, го потврдува горенаведеното.

## ПИРАМИДА – КОНУС, ВРВОВИ НА ПЛАНИНИ

Гледано геометриски, пирамидата претставува геометриско тело со четири триаголници споени со врв и четвороаголник, а конусот е тело со круг и врв.

Споменато е дека триаголникот не претставува само дводимензионална геометриска фигура со три страни, три точки и агли, тоа е воедно и симбол на две тробожија. Четирите триаголници споени со врвот насочен кон Сонцето, каков што е и обликот на пирамидата, ги претставуваат четирите годишни периоди и божјата креативна сила. Пирамидите до ден-денес криjат архитектонско-технички тајни, кои претставуваат ремек дела на науката, техниката, уметноста и божествената сила на градителот, за кои може да се тврди дека се со изминат временски период од 400.000 г. но, не е исклучено дека се и постари. Разните претпоставки зошто се градени пирамидите и од кој народ, ни даваат конфузна слика за причините за нивниот настанок. Денешната наука не знае кој ги изградил и зошто. Теории и претпоставки ќе има но, едно е сигурно, пирамидите се изградени од народот македонски распрснат на пет континенти. Од објаснувањата што би можело да значат пирамидите и конкретно, прашањето зашто Македонците ги граделе[106], го издвојуваме следново.

Според досегашните дешифрирани споменици на културата, пирамидата како симбол се појавува во повеќе текстови низ големата Зета Македонија. Тие записи се сведоштва за причината на изградбата на пирамидите, а тие се:

---

104 Дешифриран текст од Зета Македониа Божјиот Лом, Бломбос, Јужна Африка, 75.000 г.мак.е.п.п.х., види стр. 370.

105 Чаусидис, Н. ( 2005 ). „Космолошки слики, симболизација и мотологизација на космосот во ликовниот медиум“. Скопје. стр. 112.

106 Дешифриран текст: „Преку пирамидата до рајот“ Пирамиди Високо, Босна пред 32.000 г.мак.е.п.п.христ. стр. 165; „Печат – божјо око“ Равенија, Беломорска Македониа, 6.500 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ., стр. 106.

1. Пирамидите се енергетски кондензатори. Пирамидата служи за енергетско кружење на божјата сила како дух божји Македон, од Сонцето преку двојното око на Богот ИЛИ - ИЛЕ и Господарите - Владетели Македонци, кон земјата и обратно. Пирамидата ја прифаќа енергијата и од другите делови на Богот ИЛИ – ИЛЕ и божјиот зрак во вид на молња „SE“ (ѕвезди) од вселената.

2. Врвовите на планините и пирамидите се свети места. Господарите - Владетели Македонци на ден XXI-ви март, качени на врвовите како набљудувачници во очекување на космичката енергија и првиот сончев зрак.

3. Во мигот на изгрејсонце – разденување, се случува големата експлозија на „SE“ во безброј капки „ОПЛОД“ во вид на дух божји Македон. Со оваа појава, историјата се повторува секојдневно, тоа е истиот поглед - експлозија на светлоста „SE“, случена пред 13 до 15 милијарди години. Тогаш бил оплоден макрокосмосот, а темнината на земјата се оплодува со дух божји секое утро како микрокосмос.

4. Пирамидите низ светот се споменик на македонскиот цивилизациски дострел во науката, уметноста, верата, писмото и јазикот. Пирамидата претставува „дар од АР“ на душата и телото и дар за историјата на светот од Господарите - Владетели Македонци. Пирамидата го претставува божјиот ОГАН, божја молња „SE“, оган кој дарува живот врз смртта, или пирамидата е **БОЖЈИОТ ОГАН ЗА НОВ ЖИВОТ ПО СМРТТА**. Оваа дефиниција на пирамидата е основен концепт на македонската вера. Пишани докази за настанокот на пирамидите и нивните градители среќаваме кај Наска линиите, во Перу, 98.000 – 68.000 г.мак.е.п.п.хр. (види стр. 306), забите со знаци од пештерата Виндија во Хрватска, стари 30.000 г.мак.е.п.п.хр. (види стр. 153), Пирамидите во Височко, Босна, 30.000 г.мак.е.п.п.х. (види стр.163), Зета Македонија АР на МА пред 2.940 г.мак.е.п.п.хрис. во денешен Египет и безброј други откриени и неоткриени пирамиди низ светот.

Клучната улога во македонскиот мит имале токму пирамидите: пирамида на Сонцето ИЛИ - ИЛЕ, пирамида Плодна на божјата Мадонка, пирамида на пролетта Дон и пирамида на бесконечноста на времето – Луна.

**Пирамидата на Сонцето** е наречена КИТА, КУРИЛО, КУРИЛОВО, НАКИТЕН – НАПРЧЕН, од каде излегува сончевиот зрак ИЛ како сончев блесок „SE“ симбол на буквата „И“[107] и симбол на машкиот принцип[108], наречен „Р’Г“ - „РОГЗ“.

**Пирамида Плодна** претставува храм или место каде пристига и престојува духот божји Македон. Тоа е храм на божјата Мадонка, каде се раѓа живиот свет на земјата. Со други зборови пирамидата е точка, четвороаголник, раѓање на цутот, животот, спој помеѓу небото и земјата преку **ОКОТО** на Господарите - Владетели Македонци и сончевиот **БЛЕСОК**. Пирамидата Плодна е КИТКА, ПУПКА, НАКИТЕНА – ОПЛОДЕНА, МАДОНКА.

Преку двете пирамиди, „окото на Господарите - Владетели Македонци“ и сончевиот блесок пристига целата духовна енергија на земјата. Се создава материјална енергија или плод, и преку истите пирамиди, новосоздадената енергија се праќа кон МАКЕДОНИЈА - РАЈОТ во чест, слава и почит, „ујам” и жртва на БОЖЈАТА ТАТКОВИНА. Овој феномен за пирамидите се уништува до денес од македонските поданици, а и од самите асимилирани и заблудени Македонци меѓу измислените племенски заедници. Македонскиот Полуостров со Македонија е освојуван, ограбуван, уништуван. Пирамидите и храмовите рушени. Подземните ходници и гробници каде престојува духот божји Македон се ограбувани и затрупувани. Историјата е извртена и присвоена, избришана. Безбожниците се немоќни да уништат сè, како на пример пирамидите планини, подарени од Бог ИЛИ – ИЛЕ или изградените пирамиди од самите Македонци како вештачки планини во Зета Македонија Божја (Македонски Полуостров – Височко), Зета Македонија АР на МА (Египет), Зета Македонија Востанија (Централна Кина). Но, божјата создавачка сила на духот Македон, пристигнувајќи од сите делови на Бог ИЛИ – ИЛЕ од универзумот, Македонија ја прават неуништлива. Македонија е ЗЛАТЕН ИЗВОР, БЕЛ БИСЕР и извор на ЦРВЕНИОТ ЦУТ, божурот – божјиот жур или изгрејсонце, некогаш нарекуван ПЕОН, што претставува пролет.

На светата планина Водно во близина на Скопје, Македонија, со неолитската населба Говрлево пред 7.000 – 6.000 г.мак.е.пред.п.христ. и многубројните светилишта од тој период, се наоѓаат и многу постари остатоци, како мегалитот на врвот од планината и пирамидата на ПЛОДНОСТА во близина на манастирот Св. Пантелејмон, како и неколку конуси со своите жртвеници. Просторот формиран од три и повеќе пирамиди претставува свето место, а самиот врв

[107] Начинот на создавањето на буквите и цифрите стр. 38.

[108] Дешифрирани натписи од Наска, Перу, стр. 303.

на пирамидата е место за одржување ритуални обреди. Тоа е врв каде се одржувал ритуалот на плодноста на божјата Мадонка со помош на Богот ИЛИ и неговите божји сончеви зраци ИЛ - АЛ на денот на рамноденицата. Пирамидата Плодна на планината Водно е симбол на плодноста на Господарите - Владетели Македонци, посетувана од обожествените Македонки преку целата година. Коинциденција или не, на 21-ви март на денот на пролетта, на изгрејсонце, сончевите зраци, од подножјето на планината Скопска Црна Гора, преку конусите Големо и Мало Курило, како свети места на планината Водно и преку пирамидата Плодна, се спуштаат на светилиштето на манастирот Св. Пантелејмон, во близината на црквата Св. Илија, што претставуваат лековити исцелителни места.




Сл. 38 Шематски приказ на положбата на земјата за една година со четирите годишни периоди Пирамиди Нубија – Судан.[109]

Може да се заклучи дека пирамидите во Европа, Азија, Африка и Америка се создадени од Македонците поради нивната посветеност кон култот на Сонцето и Космосот, култот на **АР, ДАР, ПЛОД** и **ВЕЧЕН ЖИВОТ**. Значи целиот пренос на духовната и материјалната енергија се одвива преку пирамидите. Со својата основа во облик на четвороаголник, пирамидата претставува АР КОСМИЧКИ. Собраната енергија од космосот Богот ИЛИ ја фокусира до врвот на пирамидата, каде се наоѓа двојното око, и влегува во пирамидата на божјата МА, како роса или дух божји Македон. Пирамидата на божјата МА со својот четвороаголник кој претставува **АР** или Ѕемја 10 x 10 **на ОПЛОД на МА** (Оплод на МА е росата складирана во подземните ходници на планините или во пирамиди како вештачки планини). Со овој пример докажуваме дека „Египетскиот бог“ на Сонцето не е АМОН РА, туку е Богот ИЛИ – ИЛ исто како што го носи неговото име најголемата река Н-ИЛ. А името АМОН РА е погрешно прочитано, бидејќи треба да се прочита од десно кон лево како: „АР НОМА“. Што значи „АР НА ОПЛОД на МА“.

[109] The Meroe Pyramids, Sudan by Retlaw Snellac http://ohyeahsudan.tumblr.com/post/2150710251/travelthisworldthe-meroe-pyramids-sudan-by, http://www.kozzi.com/stock-photo-24789926-tradisyonal-Macedonian-burda.html, пристапено на 28.04.2015




Сл. 39 Нацртани пирамиди во пустината Наска. Пирамидата на Сонцето ИЛИ и пирамидата Плодна од АР на МАДОНКА.[110]

## СВЕТИТЕ МАКЕДОНСКИ СИМБОЛИ И НИВНОТО ЧИТАЊЕ

Овие симболи, едноставни и чисти со својата форма на лигатура – пишан документ, а воедно и симболика, претставуваат доказ за високото научно и културно ниво на т.н архаичниот човек, Господарот - Господ Македон, што претставува основа на МАКЕДОНСКАТА ЕРА која трае до денес. Овие претстави за македонската вера на Сонцето, Космосот, сојот,ројот, родот македонски и Македонија – рајот на земјата и вселената, од денешниот човек на науката, вообичаено се неоткриени и непрочитани, иако се едноставни. Тие не можат да ја согледаат чистата шематизирана форма на вселената и рајот во неа. Спознаените космички процеси, како дел од науката, за полесна презентација на пошироките народни маси, исто како што се прави и денес, се персонифицираат во симболи со животни, растенија и човекови животни функции, како на пример со поистоветувањето на жената и нејзината биологија.



Сончеви зраци, буква „И“ и број „1“. Симбол на времето бесконечно.

Лигатура: „ИЛИ – ИЛ ЛИ Симбол на вода – река. V+V+V+I = XXI

Лигатура: „ИЛИ – ИЛ ЛИ“. ОД ДО V+V+V+I = XXI“.

[110] Поопширно на стр.305 (Зета Македониа Прекуокеански Јужен ЦУТ, Наска линии (денешен Перу), 100.000 – 70.000 г.м.е.п.п.х. Геоглифот е нацртан на 300 км$^2$. Тој претставува илустрација на македонската вера, култот кон Сонцето, Космосот и Македонија рајот. Таа е ремек дело на науката, техниката и уметноста изработена од Господарите - Владетели Македонци. Ова е подвиг на генијалноста, за уметничко изразување со слики нацртани со букви од азбуките цутни и цифрите пролетни во облик на лигатура.




**РОМБ**. Буква кратко „О“, ар на МА (земја на мајката, или АМОН РА). Лигатурата се чита: „О ИЛИ. И ЛИИ ИЛ ДУХ БОЖЈИ МАКЕДОН“, со толкување, Сонцето ИЛИ да пролие сончеви зраци како дух божји Македон, наречени ИЛ и со сончевата молња да пролие дожд.




На светиот македонски симбол го пишува сето од горната слика и „И ОД XXI-ви КРШТОТ, ДУХ БОЖЈИ МАКЕДОН“ (прекршување на денот – XXI–ви декември).




На светиот македонски симбол го пишува сето кажано од горните слики и „КАКО ВО ЧЕТИРИТЕ ГОДИШНИ ПЕРИОДИ“




На светиот македонски симбол пишува „Ооо... ОД ИЛИ И ЛИИ ИЛ“. Тоа е молитва до Богот ИЛИ да пролие сончеви зраци и дожд.




На светиот македонски симбол, транскрибирано на современ македонски јазик, пишува: „И ОЛИ ЈА СО ЉУБОВ ИЛИ. И ПРОЛИ ЈА СО СОНЧЕВИТЕ ЗРАЦИ ИЛ. И ГАЛИ ЈА СО ЉУБОВ МАЈКАТА“.




Транскрибирано на современ македонски јазик е „ЈА ПСУЕЛ И ЈА ОЛИЛ СО ЉУБОВ ИЛИ. И ЛИЕЛ СО ИЛ ЈА ГАЛЕЛ. СО ЉУБОВ МАЈКАТА“.




Светиот македонски симбол прочитан и транскрибиран на современ македонски јазик гласи: „**Со четирите годишни периоди, со духот божји Македон, ИЛИ ја опсул со ИЛ Македонија, од XXI-ви март и лиел љубов, галејќи ја со псовки до XXI-ви јуни, како и ја пролева со љубов од XXI-ви септември до XXI-ви декември ЗА СОЈОТ, РОЈОТ И РАЈОТ МАКЕДОНИЈА**“.



Сл. 40 Македонски вез.[111]






Сл. 41 Македонската решетка на времето бесконечно.

На светиот македонски симбол наречен **„македонска решетка на времето бесконечно“** сè вклучувајќи и од сликите погоре пишува: „ИЛИ – ИЛ ЛИ ОЛИ СО ДУХ БОЖЈИ МАКЕДОН ВО ЧЕТИРИТЕ ГОДИШНИ ПЕРИОДИ МАДОНА“.

**Македонската решетка на времето е ЛИГАТУРА, која со нејзината внатрешна содржина како стилизиран симбол со високо развиен уметнички израз, произлезен од познавање на научната мисла, ја прикажува основата на македонската култура, писменост и вера, со изминат временски период од најмалку 400.000 г. со континуитет сè до денес, распространета на пет континенти.**

[111] Електронското списание „Македонска ризница“, бр. 10, 1 мај 2013 година. http://issuu.com/makedonska_riznica/docs/makedonska_riznica_10/1

## IV. ДРЖАВАТА ЗЕТА МАКЕДОНИЈА

Откако ја согледавме верата со сите нејзини принципи и законитости, можеме да ја најдеме заедничката нишка преку која организираноста во самата држава Зета Македонија, ја содржи истата таа хиерархиска поделбена структура. Македонскиот народ, некогаш организиран во **Големата Зета Македонија,** го создава најстариот облик на владеење – ЗЕТУ-ВАЊЕ, со Господарите - Владетели ЗЕТОВИ и НЕВЕСТИ, ТЕШТ и ТЕШТИ. Тоа биле вешти и умни луѓе, кои твореле, пишувале, размислувале, верувале во едно божество Сонце ИЛИ – ИЛЕ, а од својот владетел **Зет,** барале да ги поседува истите карактеристики. Управувачките особини и принципи на божеството се пресликани во едно модерно општество, модерна држава, а сета таа поврзаност ја согледавме низ страниците, каде е објаснета целата митолошка концепција на македонскиот народ.

Нишката пак, која ги поврзува овие, но и секојдневните практики и верувања, кои до ден-денес се неизбежен дел од нашето секојдневие, на момент несвесни за нивното потекло, древност и светост, ќе ги разработиме во делот посветен на верувањата, традициите и обичаите.

## IV.1. ДРЖАВОТВОРЕН НАРОД

Вкупната жива природа можеби има свој еволутивен развој, но тоа никој не може да го потврди. Единствено што знаеме е тоа што во одреден временски период од развојот на живата природа, само човекот со својот ум станал свесен за себе и за се што го опкружува. Таа свесност за животот е само идеа - мисла. Мислата прави пресек со кој еволуцијата на се што е живо престанува, а почнува еволуција на умот - мислата. Кога умира умот, се брише меморијата за идејата на животот. Животот е само мисла, идеа, наука, вера, а таа е: Мајката Земја е родилка на разновидните гени од вкупната жива природа одеднаш, без еволутивен развој. Родилка е на таканаречениот „ИС“ или „ИСУС“ со буквално значење „ОД УСНИТЕ“, а всушност ја означува таа вкупна жива природа. Од мајката Земја се родени и МАКЕДОНЦИТЕ - синовите божји, рамноправни со својот татко во создавање на земниот рај.

За разлика од вкупната жива природа, која е несловесна, само Македонците се словесни, односно свесни за словото Божјо, што претставува УМ божји. За разлика од вкупната жива природа на земјата, само Македонците го поседуваат генот на еволутивниот божји УМ и само тој е еволутивен. Тој УМ е единствен со можност за секојдневно прифаќање на знаењето божјо, наречено слово Божјо, кое пристига од Богот Татко Сонцето ИЛИ.

Бог е господар на земјата со својот ум. Божјиот ум или знаење се наоѓа во секој Македонец. Македонецот како син божји, врз основа на подарениот ум и спознаеното знаење ѝ кое пристига од таткото како слово божјо, ГОСПОДАРИ со Македонија рајот. Моќен е умствено да владее со природата, но и да владее со луѓе кои го немаат и не можат да го спознаат словото Божјо.

Владеењето со Македонија рајот (што претставува целата Земјина топка), Македонецот го спроведува со посредство на божјото СЛОВО, кое ги сочинува УМОТ со НАУКАТА, ПОГЛЕДОТ, ЗБОРОТ - ГОВОРОТ или ЈАЗИКОТ со ПИСМОТО и УМЕТНОСТА. Од нив, само знаењето - словото божјо, пристигајќи од Богот Сонце преку сончевите зраци, секојдневно се надополнува, а со тоа директно влијае за надополнување и на самиот говор. Божјото слово или знаењето НЕ СЕ МЕНУВА, ТОА Е ЕДНО, УНИВЕРЗАЛНО, ЗАСЕКОГАШ ДАДЕНО, тоа само се открива и надополнува, исто како што божјиот син како човек Македонец не е еден универзален. Тоа би значело дека дедото и внукот се Македонци како човечки суштества но со лични особености. Од овие особености произлегува констатацијата дека и говорот само се надополнува, со тоа што врз основа на првичните термини се создаваат нови. Тоа значи дека македонскиот јазик со својот корен е еден, непроменет, константен, како што е и народот еден константен. Според сето ова кажано, НЕМА СТАР и МЛАД народ и говор или јазик. Народот и јазикот со неговата словарницата е еден, постои само првичен или исконски и современ, како што е прв дедото, а втор внукот.

Основната карактеристика на македонскиот народ, е тоа што тој е: Словесен, словосвесен, словогледен, тоа се луѓе СЛОВОВЕДИ, но во ни еден случај не се Словени. „Словени“ не е термин за народ, тоа е термин за карактеристика на луѓе, опис за нивната особеност. Исконското име за денес наречените Словени, според пишаните документи е македонскиот народ. Сличен е терминот што погрешно се употребува за измислениот народ „ГОТИ“ или „ГОЈДЕЛИК, Терминот „ГОТ“ значи СКОТ, односно СТОКА. Ден-денес во охридскиот дијалект се употребува терминот ГОЈДО со значење говедо. Од зборот ГОЈДО произлегува и зборот ГАЈДА“. Според пишани документи, со изминат временски период од најмалку 400.000 г. тој народ бил македонски како државотворен со името на државата Зета Македонија.

Според името на божјиот син, обожествениот Македон, неговата територија е наречена Македонија во која живеат Македонците како народ со својот јазик, наука, уметност и вера.

Поголемиот дел од научниот свет, меѓу новоформираните прекрстени племенски заедници со измислени имиња, кои се всушност одродени Македонци, сакаат обожествениот Македонец да го смени сопственото име. Со тоа писмената, јазичната и културната традиција со непрекинат развој, како државотворен народ од најмалку 400.000 г. да ја прекинат.

Научниот свет ги употребува термините: „Старо македонски јазик“, а јазикот е еден, ниту стар ниту млад. Терминот „Старите Македонци“ исто така нема смисла. Не може да постојат стари и млади Македонци. Кој е постар внукот или дедото? Тие се само Македонци од одреден временски период. Термините: „Старите Грци“, „Стариот грчки јазик“, „Старата грчка филозофија“, „Грчка митологија“, „Старото грчко писмо“ и други, се бесмислени, празни, непоимливи за здравиот разум а употребувани од научната ЛИГА. Со овие термини се искажува истата парадоксалност како со термините: „СТАРИОТ ВНУК на својот дедо“ или внукот си го родил дедото. Што значи тоа? Името „Грција“ е родено создадено 1830 г. Сите општествени појави пред тој датум, се создадени од народ кој не се викал со името Грци туку единствен познат народ биле Македонците. Македонците денес се поделени според, нивната особеност или местото на живеење, како на пример: Бриги, Пајонци, Пелагонци, Линкести, Енгеланци, Дасарети, Орести, Еордајци, Елимеи, Ботиајци, Пиеријци, Алмопи, Мигдонци, Крестонци, Бисалти, Едонци, Бриги, Пелазги, Хелени, Тракијци, Илири, Мези, Венети, Готи, Скити, денес нарекувани Руси, Белоруси, Украинци, Чеси, Полјаци, Словаци, Срби, Хрвати, Словенци, Босанци, Бугари, а сите наведени и ненаведени племенски заедници се всушност Македонци. Единствен државотворен народ, кој бил организиран во посебни Зети, обединети во една Голема Зета Македонија бил македонскиот народ, кој се простирал и живеел со илјадници години на сите пет континенти заедно со одредени, племенски заедници, кои биле нивни поданици или според денешната терминологија наречени робови. Тоа е првата културна глобализација на ДОН, ДИОН, ДИОНИС, која се случила најмалку пред 400.000 г.

Македонците организирани во држави со вкупниот државен апарат, налик на денешниот, никогаш не поседувал робови, за разлика од подоцнежните новоформирани племенски заедници, врз кои се темели денешниот западен систем кој е империјалистички и не демократски. Македонските Зети го обезбедувале нормалниот ДЕМОКРАТСКИ човечки живот во рамките на законите и верата во соодност со природата и природните закони. Во понатамошниот тек во книгава со многубројните дешифрирани и транскрибирани текстови на современ Македонски јазик, не се употребуваат термините: Старомакедонски јазик, старословенски јазик, старогрчки јазик, како и термините пекол и робови.

## IV.2. ВЕРУВАЊА, ТРАДИЦИИ И ОБИЧАИ

Премногу мал дел од она што денес се смета за цивилизациска одлика, е создадено денес и сега, независно и исклучено од влијанијата на минатото. Сегашноста ја разбираме благодарение на влијанијата на обичаите, традициите, култовите, длабоко вкоренетите навики. Тоа се преточува во сите познати системи и верувања низ текот на милениумите, и ни дава едно посебно обележје како луѓе. Разните традиции, верувања, култови, суеверија и обичаи се неизбежен дел од човековата историја и како такви доживуваат свој развој, претопување, надополнување, стануваат обележје на едно место, засекогаш оставајќи неизбришливи траги. Предците ни оставале сведоштва, безброј пишани и непишани традиции, со кои стануваме свесни за себе и своите корени, се спознаваме, а со тоа ја дознаваме и нашата цел и начинот на дејствување. Во тоа е нашата слава и гордост, нашата моќ и истрајност, тој „аманет“ да го одржуваме, негуваме, природно да го прифатиме како незаобиколен дел од нас.

Покрај највлијателниот и најпознат култ на Македонците кон Сонцето, Космосот и рајот, кој е разгледан и објаснет преку писмените споменици од македонската цивилизација на пет континенти низ принципот на создавање на буквите и цифрите, добро е да се споменат некои верувања и денешни суеверија, кои несомнено влечат корени од времето, кога човекот станува свесен за себе и околината, од времето на првиот глас и буква. Овие верувања се модификуваат според одредени географски подрачја со исти или слични имиња на светци, а денешните проучувачи на религиозни верувања и имиња ги извртуваат, како што прават со нивното писмо и јазик со цел да направат збрка на веродостојноста за потеклото на писмото, јазикот и верата од македонскиот народ во рамките на големата Зета Македонија, прикажувајќи ги како посебни култури од нивните денешни држави формирајќи посебни племенски заедници. Тие се обидуваат да ги преточат во свои религиозно-митолошки системи.

„Култот кон христијанските светители односно светци, претставува неодминлив факт во народната концепција на светот, меѓутоа таквиот култ на светците има свои примеси од предхристијанските времиња. Мирча Елијаде вели: ‘Вистински тешкотии се јавија подоцна, кога христијанските мисионери се судрија, особено во централна и западна Европа, со популарните ‘живи религии’. Го сакале тоа или не, на крај божествените ликови на ‘паганските митови’ кои не можеле да се искоренат се христијанизирале. Голем број на Господари - Владетели или на херои кои ги убивале змејовите, станале свети Ѓорѓи; Господарите - Владетели на громот се претвориле во свети Илија; безбројните божици на плодноста станаа Девици или светици. Би можеле да кажеме дека еден дел од народната религија на предхристијанска Европа преживеа, прекриен или трансформиран, во празниците и во култот на светците. Црквата мораше да се бори повеќе од десет века против непрекинатиот прилив на ‘пагански елементи’ во христијанските обреди и легенди”[112].

Споменавме култ, збор кој што е сосем близок со зборот мит. „Митот не е ништо друго освен убава приказна која објаснува некоја (религиозна) пракса, а култот е токму тоа – религиозна пракса. Психологијата вели, дека митот е доста важна и сеприсутна состојка од колективната свест, но и од колективното несвесно, и дека од митот произлегуваат митски слики и симболи, кои колективно несвесно се прикажуваат во нашите соништа, но и во нашите постапки. Тие митски симболи ги има во народните песни, сказни и бајки, народни поговорки, во накитот, везовите, килимите” [113]

Денес овие верувања по грешка имаат карактеристика на суеверие и се дел од богатото фолклорно наследство. Древноста на нивното постоење не може со сигурност да се потврди, а нивното значење и толкување произлегува од дешифрирање и интерпретирањето на првите или подоцнежните пишани остатоци, во континуитет до денес, кои ги наоѓаме на сите пет континенти од историскиот период на македонскиот народ со нивната вера.

[112] Ермис Лафазановски “Македонските космогониски легенди” Култура – Скопје, 2000, 143 стр.
[113] Александра Бајич „Богови старих Словена“; издавач: Пешич и синови, Београд 2008, 7 стр.

## - ВЕРУВАЊЕТО ЗА УТКАТА

**Птицата ут** е една од видовите р’бетници со најдолг изминат временски период, кои постојат. Установено е дека нивни фосили се пронајдени и датираат уште од пред 60 милиони години, при што е увидено дека птицата многу малку се променила од тој период до денес. Низ човековата историја птицата ут зазема значајно место во верата и фолклорот.[114] Исто така, таа е една од малкуте птици, која се појавува од историскиот период на Зета Македонија на македонскиот народ до денес. Тоа е птица која влева во исто време и страв и почит меѓу луѓето.

Во **Македонската вера** од времето на античкиот период птицата ут зазема посебно место со позитивна конотација. Кај **Македонскиот народ** утката често е симбол на благосостојба, среќа и мудрост. Тоа најверојатно произлегува од првите верски приказни за божјата мудрост - Атина или Татина, кои зборуваат за неа како за заштитничка на птиците. Првобитно е замислена со крилја, а дури, во некои верски преданија и самата била птица – ут.

- За **Римјаните** утот претставува предвесник за некаква претстојна катастрофа. Слушајќи го крикот на утот, било знак за ненадејна смрт. Смртта на многу познати Римски личности биле предвидени од крикот на утот вклучувајќи ги и Јулие Цезар и војсководецот Марко Випсаније Агрипа. Додека Македонците го гледале утот како предзнак за победа за создавање нов успех на нивните војски, за римјаните тоа било предзнак за пораз.

- Во **Вавилон** амајлија од ут се користела за заштита на бремените жени[115]. Во некои делови од **Франција** има верување дека утот им помага на постарите немажени жени да пронајдат мажи. Во **Романија** распространето е верувањето дека грешниците што ќе се покаат за своите гревови биле носени на небото како утки. Во **Индија** утот има магиска и исцелувачка моќ. Храната подготвена од оваа птица, на пример окото, му овозможува на консументот да има моќ да гледа во темнина, додека месото од птицата се верува дека има афродизијачка моќ. Во **Полска** девојката што ќе почине немажена се претвора во галеб, додека мажената се претвора во ут. Во **Русија** ловците имале обичај да носат канџа од ут, со тоа што нивните души откако ќе починат, ќе можат полесно да се искачат до небото[116]. За **Абориџините во Австралија** утката ја претставува душата на жената, а лилјаците душата на мажот[117]. Сѐ на сѐ, верувањето за утот се поврзува со: гласник, мудрост, исцелување, живот /смрт, лојалност/посветеност.

- Во **Македонската вера и верување**, утот ја претставува самата **душа** или птицата која **ја носи душата** на покојникот до небото.[118] Со тоа таа симболизира **смрт; ослободување; осаменост; душа.** Древните Македонци чувствувале повеќе почит, а помалку страв од оваа птица. Сметале дека душата ќе биде ослободена од телото и земена од утот во вечноста, со цел и надеж дека ќе се роди нов плод.[119] Стравот е само во мигот и чувствувањето дека утот се подготвува да земе нечија душа, иако потоа настанува спокојство, знаејќи дека душата на покојникот е ослободена и ќе одлета заедно со утот во вечното царство на душите како дух Македон во Македонија – рајот.[120]

Со тоа јасно е видлива свесноста за посебноста и на душата и на телото, како одвоени и составни ентитети на човекот, како и свесноста за смртта како нешто кон што треба да имаме почит.

Одведената душа ќе даде нов плод, нов почеток.[121] Во земскиот живот, утот претставува осаменост и самотија, која што самата душа ја чувствува, бидејќи и во митолошката конотација

---

[114] Дешифриран текст: „Утката предвесник на смртта и животот“ Македонски килим, Етнолошки музеј - Скопје, 141 стр.

[115] Animal totems: The power and prophecy of your animal guide – Millie Gemondo, Trish MacGregor 74 стр.

[116] Encyclopedia of Superstitions, folklore and occult sciences – Cora Linn Daniels, C.M. Stevans 671 стр.

[117] Animal totems: The power and prophecy of your animal guide – Millie Gemondo, Trish MacGregor 75 стр.

[118] Дешифриран текст: „Две тробожија и Македониа“ Етнолошки музеј Скопје – Македониа стр. 134; „Божја мајка Македонија“ Перу 1.400 – 1.100 г.мак.е.пред.п.христ. 362 стр.

[119] Дешифриран текст: од Наска, Перу, 70.000 г.мак.е.пред.п.христ. 362 стр.

[120] Дешифриран текст: од Наска, Перу, 72.000 г.мак.е.пред.п.христ. 362 стр.; „Утка лета“ Гравирлигатура - западна Шведска, музеј – Vitlycke 203 стр.

[121] Дешифриран текст: Свето тројство“ Пештера LASCAUX, Дордоња, Зета Македониа Нанија (денес таканаречена Франција), 15.000 – 10.000 г.мак.е.пред.п.христ. Стр. 212.

за смртта/утот, кој е пред сè осаменички чин – кон смртта сите одиме сами, така душата чувствува осаменост во миговите дури е жива. Македонците во камениот период, времетраењето на една година го пресметувале со месеци или луни, во четири временски периоди и тоа: есен, зима, пролет, лето, или во два временски периоди и тоа: на времетраењето на годината на „лош - темен Бог“, кога природата е обвиткана со студ, и на времетраењето на дел од годината од шест месеци во **плод** од 21-ви март до 21-ви септември. На 21-ви март во истиот миг се јавуваат утката и божјиот зрак ИЛ со духот Македон. Утката ја зема душата на студот и темнината, таа претставува смрт, но и појава на нов живот, а божјиот зрак ИЛ заедно со духот божји Македон во тој момент ја оплодува божјата МАДОН. Природата расте од „ар, дар, роса, наросена со ‘кита‘ како китка, оплодена, во полет, непрекинато со игра луда“.[122]

## - МАКЕДОНСКИ ПРАЗНУВАЊА ВО ЧЕСТ НА ДОН - ПРЕДВЕСНИК НА ПРОЛЕТТА ПРОЛЕТНА РАМНОДЕНИЦА, КУЛТОТ КОН ПЛОДНОСТА

**Пролетните празнувања се** најсветлите обележја на македонските народни обичаи, кои со својата волшебна моќ ги обединувала душите на Македонците во заедничките стремежи за опстанок и подобар живот. Македонските празнувања се во чест на ДОН – пролетта, љубовта, цвеќињата и убавината. Тоа се празнувања во кои луѓето верувале дека се случува измивање на душите, простување на гревовите, доминација на разбудената пролетна светлост врз зимската темнина, што ги притиска нивните души. Се празнува секоја година на 14 март по нов календар (1 март по претходниот календар, летник) и е поврзан со враќањето на птиците преселници од јужните краишта во Македонија. Овој празник, всушност, во народните верувања е празник за почеток на пролетта, периодот на цутењето на пупките на дрвјата и почетокот на земјоделските работи. Поради ова негово значење, празникот често е квалификуван и како празник за почетокот на годината во смисла на активниот работен период од годината. Се славело со свечено организирани манифестации, културни приредби, спортски натпревари и воени дефилеа. При тоа биле изведувани оригинални ритуали, единствени и препознатливи само за македонскиот народ, различни и поинакви од обичаите на нивните поданици. Симбол на празникот е црвено-белата врвка исплетена од бел и црвен конец. Пролетните празнувања со себе носат огромна духовност и енергија, а за тоа сведочи континуитетот кој се задржал низ вековите сè до денес, преточен во низата христијански празници како Прочка, Младенци, Цветници и многу други, заклучно со Велигден, кога се изливаат најдлабоките и највозвишените духовни чувства на македонските верници[123]. Најзначаен момент, најзначајната улога во целиот процес на развој на македонската цивилизација ја има токму улогата на празнувањето на ДОН како предвесник на пролетта, подготовка за она што се случува и следува на 21/22 март – денот на пролетната рамноденица.

**Рамноденица** е кога должината на денот и ноќта се исти и се случува два пати годишно, на почетокот на пролетта и на есента. На 21-ви март е пролетната рамноденица, на 21-ви јуни е летната долгоденица, на 21-ви септември е есенската рамноденица и на 21-ви декември е зимската краткодневица.

**Поради осцилацијата на северниот пол, кој го менувал своето место на небескиот свод, со илјадници години низ историјата, а и поради престапните години, Македонците вршеле корекција на денот на пролетта.**

Рамноденицата, особено пролетната, играла значајна улога за културниот развиток на македонската цивилизација од минатото на пет континенти. Почетокот на пролетта бил поврзан

122 Дешифриран текст: „Сончев зрак или дух Божји“ Мас Де Азил, Франција 11.000 г.мак.е.пред.п.христ. 245 стр.; „Крескај се“ Илина Гора, Горно светилиште, Осинчани, близу до Скопје, Македониа, 7.000 – 6.000 г.мак.е.пред.п.христ..
123 http://www.plusinfo.mk/vest/15712/procka--den-za-proshtevanje-na-grevovite , пристапено на 04.05.2015

со почеток на земјоделските работи, пропратени со приложување на жртви за да се има успешен род[124]. Не навлегувајќи во сложени астрономски анализи, се чини дека Македонците од времето на Зета Македонија до денес, ги познаваат научните доктрини и притоа користејќи се со сопствениот јазик, писмо, симболика како и сопствениот подвиг за опстанок, со висок уметнички квалитет ги опеваат со збор, забележуваат на камен, дрво, теракота, земја, кожа, хартија, вез и килим, изработуваат скулптури, релјефи и цели објекти со естетско научно значење, некогаш со микро текстови,[125] а некогаш со огромни димензии,[126] несфатливи за денешната наука и техника.

**Рамноденицата како процес, основна двигателна и појдовна точка, е најклучен и најзначаен момент на целокупната шема за разбирање и одгатнување на културата на живеењето на божјиот народ, кој живеел во големата Зета Македонија.** Тргнувајќи од овој природен процес, дознаваме повеќе аспекти од животот на луѓето од временскиот период на Зета Македонија. При анализи на натписите, лигатурите и цртеж-лигатурите, се забележани пораки со научен, но и поетско-уметнички призвук. Пресметувањето на пролетната и есенската рамноденица преку бројните набљудувачници распрснати низ целиот свет[127], со неверојатна точност, како и постоењето на календарот, пресметувањето на времето, со користењето на цифрите пролетни, ни укажува низ разните дешифрирани шари и илустрации за една развиена свест. Понекогаш проткаена со емоции и чувство на нова надеж и радост кога „темниот Бог заоѓа“ како алегорија дека ладната, празна и страшна зима си заминува и настапува пролетта, природата наеднаш се буди, а со тоа и плодноста и целокупната животна енергија. Богот Сонце ИЛИ - ИЛЕ повторно во непрекинат и вечен циклус ги дарува луѓето на Земјата со плодна почва, изобилство на топлина, како основа за создавање живот, при што се буди надеж за претстојната благосостојба. Наспроти ова, при најавувањето на есенската рамноденица, кај луѓето се чувствува неизвесност, страв за празнината, за студот и темнината што ги очекува.

Разните откриени и сè уште неоткриени набљудувачници ширум светот, испишаните пораки во пештери, глинени плочи па и орнаменти и геоглифи, се и можат да бидат доказ и сведоштво за точната пресметка на доаѓањето на пролетта, летото, есента и зимата па дури и пресметка за престапните месеци и години со извршени корекции во тоа време.[128]

Од пред 400.000 г. до денес има повеќе изрази за рамноденица што ги среќаваме во дешифрираните текстови, како што се: „лом“, „блом“, „крш“, „крша“, „кршт“ „прекршување“, „луда“, „спобудалена“, „лие“, „усни“ како и симболично со бројот XXI сл. 43, кој треба да посочи на календарскиот почеток и денот на рамноденицата.

---

[124] Дешифриран текст: „ Дух божји Македон - сказалка на времето“ Билзингслебен (Bilzingsleben), Зета Мадонија – Мадониа, Лужице (денешна Германија), пред 400.000 г. Стр.184; „Говедо лама“,Наска Перу 75.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр.312; „Пролетта, зората и росата во Македонија“ , Село Бајот Унгарија 35.000 – 30.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 145; „ЦУТ“ Кратово, Македонија 32.000 г.мак.е.пред.п.христ. Стр.91; „Бизон Џинот “, Зета Македониа Нанија, Дордоња (денешна Франција) 12.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 241.

[125]Дешифриран текст: : „Седумте фосилни заби“, Пештера Виндија (денешна Хрватска), 32.000 г.мак.е.п.п.х. стр. 146.

[126] Дешифриран текст од Наска, Перу, 70.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 303.

[127] Дешифриран текст: „Столот на божјата Кокина“Кокино опсерваторија, Македонија, 400.000 – 12.000 г.м.е.п.п.хрис. стр. 82.

[128] Дешифриран текст: „Рамноденица“ Бломбос, Јужна Африка 75.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр, 374.